**Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври“**
**распишува**
**К О Н К У Р С**
**за доделување на државната награда „11 Октомври“ во 2022 г.**

Со државната награда „11 Октомври“ се оддава највисоко признание за животно дело во областа на науката, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес на Република Северна Македонија.

Државната награда „11 Октомври“ се доделува, по правило, секоја година.

Државната награда се доделува на поединци, група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани од земјава.

Државната награда, под условите определени во Конкурсот, може да се додели и на странски државјани, група творци, екипи и институции од странство од јавен интерес на Република Северна Македонија.

На награден поединец му се доделува диплома, плакета и паричен износ.

На секој член на наградена група творци или екипа му се доделува диплома, плакета и еднаков дел од паричниот износ.

На наградена установа, трговско друштво или здружение на граѓани им се доделува диплома и плакета.

Паричниот износ на државната награда „11 Октомври“ изнесува петнаесет (15) просечни месечни плати во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

Во една година може да се доделат најмногу пет (5) награди.

Иницијатива за доделување на државната награда „11 Октомври“ може да поднесат: установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани. Подносителите на иницијативата за доделување на државната награда треба подробно да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: прецизни биографски податоци, точна адреса на живеење (улица, број, место, град, држава), податоци за остварените резултати во областа во којашто е постигнато остварувањето и други податоци за кои се смета дека ќе придонесат во оценувањето.

Подносителот на иницијативата мора да ги наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон.

Текстот на иницијативата треба да се достави во 20 примероци, а трудови, книги, публикации и сл. се третираат како прилози и треба да се доставаат во еден примерок.

Адресата на којашто треба да се доставаат иницијативите и прилозите е: Министерство за култура на Република Северна Македонија – Одбор за доделување на државната награда „11 Октомври“, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ” бр. 61, Скопје, Република Северна Македонија.

Конкурсот трае од 1 до 31 мај 2022 година.

Некомплетните иницијативи и иницијативите и прилозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием на Конкурсот нема да бидат разгледувани.

**Одбор за доделување на државната награда „11 Октомври“**